Република Северна Македонија
**Министерство за спорт**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Sportit**

Архивски знак: 0204
Рок на чување: Т. год.
201__ година
Потпис,

# СТРАТЕГИЈА
# ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ
# НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СПОРТ
# 2025 - 2028 ГОДИНА

EGZEMPLARI ARKIVOR






Ноември 2025

# СОДРЖИНА

Опис Страна

1. ВОВЕД ... 1
2. НАМЕНА И ЦЕЛИ ... 3
3. ПРИДОБИВКИ ОД УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИЦИТЕ ... 3
4. СТАВОВИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СПОРТ КОН РИЗИЦИТЕ ... 4
5. ЦИКЛУС ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ... 4
5.1. Идентификација на ризик ... 5
5.2. Проценка на ризиците ... 9
5.3. Одговор на ризик - воспоставување контролни мерки за постапување по ризиците ... 11
5.4. Следење и известување за ризиците ... 12
6. ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ... 12
7. КЛУЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТА ... 13
8. СЛЕДЕЊЕ И ПРОВЕРКА НА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ... 14
9. КОМУНИКАЦИЈА И ОБУКИ ... 14
10. ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ... 15
11. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ... 19
12. ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ ... 20

Прилог:

РЕГИСТАР НА СТРАТЕШКИ И ОПЕРАТИАВНИ РИЗИЦИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СПОРТ

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

*Изготвено од Работна група и Координаторите за воспоставување на процесот на управување со ризиците*

## 1. ВОВЕД

Управувањето со ризици е обврска дефинирана со Закон за системот на внатрешни контроли и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор и претставува процес на утврдување и оцена на ризиците и нивното влијание врз исполнување на целите и воспоставување на потребните внатрешни контроли со што изложеноста на ризикот би се задржала на прифатливо ниво.

Министерството за спорт (во натамошниот текст: МС) како орган на државната управа е надлежен за вршење на работите што се однесуваат на системот, развојот и унапредувањето на спортот и физичката култура.

Надлежностите на МС се утврдени со одредбите на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република С. Македонија" број 21/2000, 44/2002, 82/2008,167/10, 51/11, 96/19 и 121/24) и Законот за спорт.

Во извршувањето на активностите, МС е изложено на одредени ризици (настани) кои може негативно да влијаат кон остварувањето на зацртаните цели на МС да го доведат во прашање остварувањето на целта.

Процесот на управување со ризиците е од суштинско значење за ефективна и ефикасна реализација на стратешките приоритети и цели утврдени во Стратешкиот и Годишниот план за работа на МС кои се во согласност со утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија.

За таа цел е изготвена оваа Стратегија за управување со ризици, како посебен акт со кој се уредуваат постапките и инструментите за доброто управување со утврдените ризици кои може да бидат закана за остварување на целите и успешното работење на МС.

Со Стратегија за управување со ризици се уредуваат постапките и активностите за управување со утврдените ризици кои може да влијаат врз остварување на целите и успешното работење на МС.

Соодветното и добро управување со ризиците е од исклучителна важност за МС.

**Стратегијата за управување со ризици ги дефинира целите и придобивките од управувањето со ризиците, одговорностите за управување со ризиците и дава преглед на рамката која ќе се воспостави, преку која успешно ќе се управува со истите.**

Во оваа стратегија се поаѓа од следните дефиниции:

**Ризик** е било кој настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнувањето на стратешките и оперативните цели на МС. Пропуштените можности исто така се сметаат за ризик.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

**Управувањето со ризиците** е значаен дел на стратешкото управување во МС. Тоа е алатка која помага на раководителите да ги предвидат неповолните настани и да се реагира на нив, односно да ги насочат постапките на внатрешната контрола и ресурсите кон клучните функции и со нив поврзаните ризици.

За целите на управувањето со ризик во МС, ризиците се категоризираат на стратешки и оперативни ризици

Поделбата на стратешки и оперативни ризици обезбедува групирање на голем број различни ризици со кои се соочуваат МС со цел да се одреди кое ниво на раководење првенствено управува со која категорија на ризик.

**Стратешките ризици** се несакани настани што можат да имаат негативно влијание врз остварувањето на долгорочните и среднорочните цели, на стратешките приоритети на институцијата, на националните и/или локалните приоритети, на приоритетите на конкретните јавни функции или сектори (на пр. здравство, животна средина, правда, стабилност на јавните финансии, безбедност итн.). Стратешките ризици се фокусираат на пошироки интересни групи, граѓани, крајни корисници на услуги, итн.

**Управувањето со стратешкиот ризик** е во рамки на опфатот на раководителот на матичниот буџетски корисник кој треба тесно да соработува со највисокото раководство во буџетскиот корисник и во субјектите под негова надлежност за целите на управување со стратешките ризици. Управувањето со стратешкиот ризик треба да се развие како компонента во процесите на стратешко планирање и на донесување клучни одлуки на највисоко ниво на управување.

**Оперативни ризици** се несакани настани кои може да имаат негативно влијание врз спроведувањето на функциите, активностите и процесите во утврдени рокови, врз нивото на квалитет на услугата, погрешна примена на законите и процедурите. Неопходно е да се земе предвид дека кумулативните ефекти на оперативните ризици исто така можат да влијаат и да претставуваат закана за реализацијата на некои стратешки цели, и на овој начин оперативните ризици исто така можат да предизвикаат стратешки ризици.

**Управувањето со оперативните ризици** е одговорност на раководителите одговорни за процесите/активностите, односно раководителите на организациските единици во кои се спроведуваат овие процеси/активности.

Врската помеѓу стратешките и оперативните ризици произлегува од фактот дека оперативните ризици можат да предизвикаат или да бидат последица на стратешките ризици и обратно.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

## 2. НАМЕНА И ЦЕЛИ

Намената на оваа Стратегија е непречено остварување на стратешките цели на МС преку континуирано следење на заканите од севкупното опкружување кое бара работењето постојано да се прилагодува. Управувањето со ризиците е алатка која му помага на Министерот навремено и соодветно да реагира на променетите околности и да придонесе кон одржување на постигнатиот квалитет, ефикасност и резултати во сите планирани активности за остварување на стратешките цели на МС.

**Управувањето со ризиците овозможува:**

- предвидување и пресретнување на неповолните околности или настани кои би можело да го спречат остварувањето на целите на МС и да го загрозат институционалниот и индивидуалниот кредибилитет;
- насочување на постапките за внатрешна контрола и ресурсите во клучните области и со нив поврзаните ризици;
- обезбедување ефикасен механизам за постигнување на посветеност на раководителите на сите хиерархиски нивоа за остварување на приоритетите;
- носење правилни и навремени одлуки.

**Управувањето со ризиците има за цел:**

- подобрување на ефикасноста на управувањето со ризиците на ниво на МС;
- целосно интегрирање на управувањето со ризиците во работењето на вработените;
- вградување на управувањето со ризиците во процесот на планирање и донесување на одлуки како стандард;
- обезбедување рамка за утврдување, процена, постапување, следење и известување за ризиците;
- воспоставување координација на управувањето со ризиците;
- да бидат опфатени сите области на ризик, а најмногу функционирањето на внатрешните контроли и
- да се спроведува во согласност со Закон за системот на внатрешни контроли и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор.

## 3. ПРИДОБИВКИ ОД УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИЦИТЕ

Успешното спроведување на процесот на управување со ризиците влијае на:

- начинот на одлучување;
- зголемување на ефикасноста;

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров" 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

- подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства;
- јакнење на довербата во управувачкиот систем и
- развој на позитивна организациска култура.

## 4. СТАВОВИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СПОРТ КОН РИЗИЦИТЕ

Министерот и вработените во МС имаат позитивен пристап кон управувањето со ризиците, со што треба да се обезбеди:

- активностите кои ги спроведува МС да се во согласност со стратешките цели и со барањата на законодавната рамка;
- активностите кои носат ризик од значаен негативен публицитет или друга штета за угледот на МС да се избегнуваат;
- активностите да резултираат со додадена вредност;
- ажуриран Регистар на ризици во кој се вклучени потенцијалните ризици кои имаат влијание врз работењето на МС и
- вработените да се запознаени со ризиците и процедурите и да придонесуваат за нивно следење и отстранување.

Поаѓајќи од визијата и мисијата на МС, стратешките тригодишни планови и годишниот план/програма за работа, секој сектор и одделенијата во состав на Секторот ги утврдуваат оперативните ризици и активностите за нивно справување.

## 5. ЦИКЛУС ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Управувањето со ризик опфаќа идентификација, проценка и контрола на можните настани или состојби, кои може да имаат негативно влијание врз постигнувањето на целите на субјектот, заради обезбедување разумно уверување дека целите ќе бидат остварени.

За спроведување на активностите за управувањето со ризик, МС донесува Стратегија за управување со ризикот, која се ажурира во случаите кога ризикот значително се менува. Контролите кои се однесуваат на минимизирање на ризикот треба да бидат анализирани и ажурирани најмалку еднаш годишно.

**Циклусот за управување со ризици содржи четири основни фази што се користат за стратешки и оперативни ризици:**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR




Фазите на циклусот на управување со ризици се меѓусебно поврзани и потребно е да се разгледуваат како континуиран процес кој никогаш не е целосно завршен, бидејќи ризиците се динамични по својата природа и со текот на времето, се подложни на промени.

## 5.1. Идентификација на ризик

Оваа фаза на управување со ризици детално го објаснува пристапот и методот за идентификување и опишување на ризиците.

### Пристап кон идентификација на ризик

Постојат два основни пристапи кои можат да се користат при идентификување на ризиците:

**Пристапот „од горе-надолу“** најчесто се користи за идентификување стратешки ризици, т.е. ризици поврзани со реализација на стратешки цели, приоритети, клучни програми, проекти за капитални инвестиции, итн.

**Пристапот „од долу-нагоре“** најчесто се користи за идентификување на оперативни ризици, т.е. ризици поврзани со деловните процеси, функциите, проектите, или активностите.

Пристапот „од горе-надолу“ и „од долу-нагоре“ се надополнуваат и сеопфатната идентификација на ризикот бара комбинација од двата пристапа. Во комбинираниот пристап кон идентификување на ризикот треба да се осигура дека информациите за оперативните ризици не преовладуваат над информациите за стратешките ризици.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

МС во извршувањето на своите надлежности и овластувања се соочува со стратешки и оперативни ризици кои имаа влијание на постигнување на целта.

Министерот треба да биде информиран за оперативните ризици што можат да влијаат врз реализацијата на стратешките цели и приоритети, т.е. за оние ризици чиишто кумулативни влијанија можат да предизвикаат стратешки ризици и/или да стимулираат нивно поголемо влијание. Исто така, раководителите на внатрешните организациони единици (ОЕ) треба да бидат информирани за стратешките ризици на институцијата со цел да препознаат и проценат колку оперативните ризици од нивниот делокруг се поврзани и/или зависат од стратешките ризици на институцијата.




Наведените ризици се групираат како:

- **Инхерентен ризик:** ризик поврзан со природата на самите активности (пр: недостаток на насоки, сложеност на активностите, недостаток на документација, голем број на учесници вклучени во постапката, недостатокот на следливост на активноста).
- **Контролен ризик:** ризик дека грешките или неправилностите во работата или основните трансакции (задачи) не се спречени, откриени и коригирани со системите на внатрешната контрола (внатрешната контрола или внатрешната ревизија). (Пример: недостаток на поделба на должности, недостаток на надзор, релативно неискусен персонал, несоодветен персонал во однос на обемот на работа, стратегијата за контрола не води доволно сметка за ризиците, или "ги пропушта" областите со клучен ризик.).
- **Резидуален ризик:** ризикот кој останува по воспоставените контроли кои го ублажуваат инхерентниот ризик.

Утврдување на ризиците поврзани со работните активности и донесувањето на одлуки се воспоставува од страна на стручниот колегиум, раководителите на организационите единици и лица овластени од страна на министерот за подготовка и следење на стратегијата.




АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

Предуслов за процената на ризикот е дефинирањето на целите, односно јасното разбирање за тоа што МС сака да постигне. Управувањето со ризиците е управување со заканите кои можат да го попречат остварувањето на целите и максимизирање на можностите кои ќе помогнат за остварување на целите. Поради тоа ефикасното управување со ризиците треба да биде насочено кон стратешките и оперативните цели.

Остварувањето на основната цел, за вршење на работите што се однесуваат на системот, развојот и унапредувањето на спортот и физичката култура, МС ја врши преку приоритети и планирани активности за:

- зголемување на процентот на граѓани кои спортуваат;
- подобрување на квалитетот во националниот и меѓународниот спорт;
- креирање систем во кој ќе напредува професионалниот спорт и спортските резултати, јакнење на квалитетот на живот, социјална интеракција, вистински развој на личноста и здрав начин на живот на што е можно поголем број граѓани;
- обезбедување на квалитетна спортска инфраструктура;
- зголемување на бројот на спортисти и подобрување на спортските резултати;
- унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родова прерспектива во креирањето на политиките и буџетите, како и инклузивно вклучување на лица.

Стратешките ризици кои МС ги разгледува се однесуваат на:

- спроведување на активности за надминување на констатираните состојби од страна на Државниот завод за ревизија (ДЗР) поврзани со статусот на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија (ЈПСС);
- непреземени активности за донесување на Национална стратегија за развој на спортот во Република Северна Македобија (РСМ) и Стратегија за спортски објекти;
- стратешкото планирање, буџетирање и распределбата на финансиски средства од игри на среќа, кои не се доволни за реализација на законските надлежности на МС;
- неприлагодени законски и стратешки политики и програми на МС за развој и омасовување на спортот во делот на јакнење на квалитетот на живот, социјална интеракција и обезбедување квалитетна спортска инфраструктура;
- дигитализација на внатрешните процеси на работа и поврзување со институциите од јавниот сектор, заштита од сајбер напади и утврдени правила за користење на социјалните мрежи и

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

- донесување на нов Закон за спорт и подзаконски акти и усогласување со правото на Европската Унија и обврски преземени согласно меѓународни договори.

Оперативните ризици се поврзани со секојдневното, оперативно работење на МС, како и со извршувањето на законските надлежности и планираните цели.

Оперативните ризици кои МС ги разгледува се однесуваат на::

- ризици поврзани со подготовка на програмите за развој на спортот, распределбата, доделување и исплата на финансиски средства на спортските субјекти согласно програмите на МС и контрола на наменско користење на средствата од страна на корисниците;
- ризици поврзани со реализација на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти и одржување на постојаните спортски објекти;
- ризици во делот на архивското работење, одржување и следење на информатичко-комуникациската инфраструктура и управување со сигурносни инциденти;
- ризици поврзани со процесот на планирање и извршување на буџетот, постапките за јавни набавки и склучување на договори, евиденцијата на сметководството и контрола на документацијата, изготвување на финансиските извештаи, нехармонизирани плански документи;
- ризици поврзани со процесот на планирање, спроведување на постапките за јавни набавки и склучување и реализација на договори во делот на инвестициони вложувања во објектите за спорт од јавен интерес;
- ризици поврзани со ex - ante и ex - post финансиска контрола на документацијата, евиденцијата во сметководството и пописот на средствата, побарувањата и обврските и изготвување на финансиските извештаи;
- процесите и активностите кои треба да бидат опфатени со внатрешна ревизија и
- ризици поврзани со почитување на правилата и процедурите во работењето.

Ризик од корупција при преземање дејствија спротивно на наведените кодекси и пропишаното во Правилникот за спречување на судир на интереси и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и непријавување на постоење на приватен интерес при извршување на службените/работните цели и задачи на вработените/ангажираните лица во организационите единици и при нивната работа во комисиите.

Утврдувањето на ризикот вклучува утврдување на потенцијалните ризици и причината за ризиците, како и потенцијалните последици од ризиците.

Ризиците се утврдуваат во:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

- Образец за регистар на стратешки ризици
- Образец за регистар на оперативни ризици

Координаторот/ите за управување со ризиците имаат обврска постојано да ги следат ризиците во рамките на МС и да ги информираат инволвираните лица во соодветниот процес за потребата од преземање одредени активности.

## 5.2. Проценка на ризиците

Ризиците треба да се проценат со цел:

– да се рангираат
– да се утврдат приоритетните ризици
– да се обезбедат информации за донесување одлуки за справување со ризиците.




Проценката на ризикот треба да се заснова врз високо квалитетни анализи на можните причини и последици од ризикот, факторите на ризик и индикаторите за ризик/измама.

Ваквите анализи даваат основа за пообјективна проценка на ризикот и утврдување на соодветни мерки за справување со ризиците. Појдовна точка за проценка на ризикот е добар опис на ризик, со утврдени причини и последици од ризикот, надополнети со дополнителни информации за факторите на ризик и индикаторите на ризик.

Проценката на ризиците се врши врз основа на два вида влезни информации за:

- проценка на влијанието на ризикот и
- проценка на веројатноста за појавување на ризикот.

Определените нивоа на влијание на ризик се оценуваат на одредена скала за оценување (на пр. мало влијание = 1 поен; умерено влијание = 2 поени; големо влијание = 3 поени). Скалата за оценување се користи за пресметување, т.е. проценка на вкупната изложеност на ризик.

Одредените нивоа на веројатност за појава на ризик се поставуваат на скала за оценување (на пример, ниска веројатност = 1 поен; средна веројатност = 2 поени; висока веројатност = 3 поени).

**Вкупна изложеност на ризик**

Вкупната изложеност на ризик претставува производ од нивото на влијанието на ризик и нивото на веројатноста за појава на ризик, односно производ на поените од проценетите нивоа на влијанието и веројатноста.

Вкупната изложеност на ризик може да се претстави преку неколку нивоа:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

- нискo **(оценка 1, 2)**, или прифатливо ниво на вкупна изложеност на ризик
- средно **(оценка 3, 4)** или толерантно ниво на вкупна изложеност на ризик
- високо **висока (оценка 6,9)**, или неприфатливо ниво на вкупна изложеност на ризик

Резултатите од проценката треба да бидат евидентирани во Регистарот на ризици.

За мерење на ризиците ќе се користи Матрицата на ризикот 3x3 прикажана подолу:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Веројатност | Висока | 3 | 6 | 9 |
| | Средна | 2 | 4 | 6 |
| | Ниска | 1 | 2 | 3 |
| *Вкупната изложеност на ризик = Веројатност* Ефект* | | Мал | Среден | Голем |
| | | Ефект | | |

Сите ризици/настани кои содржат негативно влијание, а се оценети како **средни** ќе бидат надгледувани и ќе се управува со нив се до моментот на нивно сведување на прифатливо (ниско) ниво, а за оние ризици/настани кои содржат негативно влијание и се оценети како **високи**, веднаш ќе бидат преземени активности за нивно отстранување и сведување на прифатливо ниво.

Ризикот се оценува како висок во следните случаи:

- ако претставува директна закана на успешното завршување на активностите;
- ако предизвикува значителна штета на интересните групи на МС (спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот, добавувачи, Владата на РСМ, донатори, кофинансиери итн.);
- ако последица на ризикот е повреда на законот и другите прописи;
- ако дојде до значајни финансиски загуби;
- ако се доведува во прашање сигурноста и независноста на вработените и
- во било кој случај на сериозно влијание на угледот на МС.

Ефективното управување со ризик, земајќи ги предвид барањата за документирање, следење и известување за ризиците, предвидува бројот на приоритетни ризици со кои управува високото раководство во МС да се сведе на разумно ниво.

Елементи на кои треба да се стави акцент се:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

- стратешките ризици,

- оперативните ризици кои влијаат врз активирање на стратешки ризици,
- ризиците од измама, неправилности, корупција и
- ризици кои бараат меѓусекторски пристап при одговор на ризик, со кои управува високото раководство.

Раководителите на организациските единици се фокусираат на други приоритетни оперативни ризици што се во нивна надлежност.

### 5.3. Одговор на ризик - воспоставување контролни мерки за постапување по ризиците

Веројатноста и влијанието на ризикот се намалува со соодветен одговор на ризикот.

Мерките што треба да се преземат како одговор на ризикот првенствено зависат од видот на ризик и утврдените причини за ризик.

Мерките за решавање или ублажување на стратешките ризици бараат одлуки на ниво на стратегии, политики, измени и дополнувања на законската рамка и/или институционалната рамка.

Мерките за решавање или ублажување на оперативните ризици обично бараат измени и дополнувања на оперативните правила и процедури, зајакнување на контролните процедури, подобрување на работните системи, активности и процеси.

Одлуката зависи од важноста на ризикот и од толеранцијата и ставот кон ризикот.

За секој ризик треба да се одбере еден од следните одговори на ризик:

- намалување/ублажување на ризикот;
- пренесување на ризикот;
- прифаќање на ризикот и
- избегнување на ризикот.

Активностите за постапување кои одговараат на одбраните одговори на ризик треба да бидат утврдени од министерот, со што ќе се обезбеди преземање на конкретни активности за постапување со ризиците без одлагање. Треба да се обезбеди дека за секоја активност (одговор на ризик) одговорноста за извршување е доделена на поединец, по име и со назначување на роковите за спроведување.

Зависно од потребите и состојбата (измена на законска регулатива, интерни акти) ризиците утврдени кај другите организациони единици (сектори и одделенија) ќе се дискутираат и повторно ќе се проценуваат на ниво на институција при што ќе се донесе завршна проценка на откриените ризици и ќе се предложат дополнителни мерки за ублажување на ризиците.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

Резултат од дискусијата за ризиците е измена и дополнување на регистарот на ризиците како и понудените одговори / постапувања за минимизирање на ризиците на прифатливо ниво.

Секоја активност која се планира да се преземе како одговор на ризикот треба да биде пропорционална на ризикот, односно истата да придонесе за негово минимизирање на прифатливо ниво.

## 5.4. Следење и известување за ризиците

Активностите во овој процес ги вклучуваат: следењето и известувањето за ризиците така што раководителите на сите нивоа на управување можат да следат дали профилот на ризикот се менува, да стекнат уверување дека управувањето со ризиците е ефикасно и да се идентификуваат понатамошни активности кога е потребно. Со цел ефикасно следење и известување за ризиците, регистарот на ризици треба редовно да се ажурираат во поглед на:

- нови ризици;
- ризици кои се третираат;
- ризици кои се прифатени и
- ризици на кои не можело да се делува на планиран начин односно со ревидирање на проценката на ризикот.




Целта на управувањето со ризиците е доведување на ризикот и/или одржување на ризикот на прифатливо ниво. Ако активностите преземени со цел намалување на ризиците не придонесат изложеноста на ризикот да е на прифатливото ниво, за ризикот би требало повторно да се дискутира. За да се подобри ефикасноста на управувањето со ризиците и да се обезбеди клучните ризици да се утврдуваат и третираат, се воспоставува соодветен систем за следење и известување за ризиците преку:

- состаноци на ниво на сектор/одделение;
- електронска комуникација со координаторот за управување со ризици и вработените;
- состаноци на ниво на колегиум и
- извештај за преземените активности за управувањето со ризиците.




# 6. ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

Процесот на управување со ризици треба да биде документиран. Документирањето има за цел:

- да обезбеди евиденција и размена на информации за ризиците и планираните мерки,
- да обезбеди почетна точка и да ги олесни активностите во следниот циклус на управување со ризици,
- да обезбеди сеопфатни податоци потребни за спроведување на планираните активности,
- да овозможи постојано следење, преглед и известување за раководството,
- да покаже дека процесот е соодветно имплементиран.

За потребите на документирање на процесот на управување со ризици, се користи :

- Образец за регистар на стратешки ризици - нови ризици (Прилог 1а и 1б)
- Образец за регистар на оперативни ризици - постојни ризици (Прилог 2а и 2б)

Образец за регистар на стратешки ризици - нови ризици се пополнува со податоци од формулари за идентификација и проценка на стратешки ризици, со додадени информации за мерките, за роковите и за лицата одговорни за постапување по ризиците.

На ниво на МС се подготвува еден регистар на ризици (со 4 табели; Прилог 1а, 1б, 2а и 2б) соодветно на индентификуваните нови и постојни ризици) и вклучува стратешки ризици, оперативни ризици што имаат влијание врз и/или се поврзани со стратешките ризици, како и оперативни ризици за кои поради нивните влијанија се проценува дека треба да се следат на институционално ниво.

Регистри на оперативни ризици е воспоставен на ниво на одделни организациски единици кои се инпут при изготвување на единствениот регистар на ризици на ниво на МС.

Регистарот на ризици се ажурираат најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто, како дел од редовниот циклус на управување со ризици, со цел да се следи спроведувањето на планираните мерки за ублажување на ризиците.

## 7. КЛУЧНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТА

Следењето на ефективноста на процесот на управување со ризиците ќе се обезбеди преку следните активности:

- ажурирање на Регистарот на ризици на годишно ниво;
- планираните активности се спроведуваат во рамки на утврдените рокови и обезбедено е континуирано следење на степенот на реализација на предвидените контролни активности;

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

- во Годишниот план за обуки на вработените предвидена е и обука за начинот на управување со ризици;
- министерот или координаторот врши постојан мониторинг на степенот на имплементација на контролните активности.

Претходно наведените активности претставуваат основа за ефикасноста за процесот на управување со ризиците и ќе обезбедат корисни информации и податоци за новонастанатите состојби, евентуалните ризични области и потребата од прилагодување на активностите за справувањето со ризиците.

## 8. СЛЕДЕЊЕ И ПРОВЕРКА НА ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Ефикасното управување со ризици бара воспоставување следење и проверка со што ќе се обезбеди ризиците ефикасно да бидат препознаени и проценети за што се спроведуваат соодветни контроли и активности.

Координаторот/ите за воспоставување на процесот за управување со ризиците ќе обезбедат ревидирање на процесот на управување со ризиците, на годишно ниво и согласно потребите анализирање и ажурирање на контролите кои се однесуваат на минимизирање на ризиците.

Исто така потребно е да се врши редовно тригодишно ажурирање на стратегијата и усогласеност на истата со стандардите и законската регулатива.

Резултатите на следењето и проверката координаторот/ите за воспоставување на процесот за управување со ризици ќе ги презентираат во МС преку годишен извештај за показателите на успешност и за спроведување на стратегијата за управување со ризици.

Секоја постапка за следење и проверка, треба да утврди:

- дали усвоените мерки биле соодветни и ги дале очекуваните резултати;
- недостатоци во контролите и можности за континуирано подобрување и
- дали подобрата размена на информации за ризиците ќе ги зголеми вештините во донесувањето на подобри одлуки во идните процени поврзани со управувањето со ризиците.

## 9. КОМУНИКАЦИЈА И ОБУКИ

Воспоставениот систем на комуникација во МС и континуираната едукација на вработените за прашањата поврзани со ризиците ќе обезбедат:

- секој вработен да биде информиран за стратегијата и приоритетните ризици кои се однесуваат на неговото работно место;
- научените лекции и искуство меѓусебно да се пренесуваат;

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

- секое ниво на управување ќе бара и ќе добива соодветни информации за управувањето со ризиците во рамки на својот делокруг на контроли и кои ќе им овозможат да планираат активности во однос на ризиците чие ниво не е прифатливо, како и уверување дека ризиците кои се сметаат за прифатливи се под контрола;
- комуникација помеѓу МС и институциите со кои е поврзан во вршење на дејноста, преку склучување на меморандуми и договори;
- организирање работилници во врска со утврдувањето на ризиците при подготвувањето на процедурите за работа во делот на вршењето на дејноста во секоја организациона единица на МС;
- организирање работилници во врска со утврдувањето на ризиците при подготвувањето на годишните планови/програми за работа на МС;
- учество на раководителите и вработените, на работилници и семинари поврзани со надградување на нивното знаење и искуство во вршењето на секојдневните активности.

## 10. ЗАДАЧИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Управувањето со ризиците во МС е организиран на тој начин што се вклучени поголем број на вработени, при тоа секој кој е вклучен во управувањето со ризици треба да биде свесен за својата одговорност во утврдувањето и управувањето со ризикот.

Меѓутоа крајната одговорност за управувањето со ризикот ја има:

- министерот;
- раководителите на различните нивоа на управување согласно доделените овластувања и одговорности.

За да се обезбеди успешно спроведување на процесот за управување со ризици, овластувањата и одговорностите за управување со ризиците се прикажани подолу:

| Улоги | Овластувања и одговорности |
|---|---|
| Министер | • да ја одреди стратешката насока и создаде услови за непречено спроведување на сите активности поврзани со управувањето со ризиците;<br>• да обезбеди највисоко ниво на посветеност и поддршка за управување со ризиците;<br>• да ја донесе стратегијата за управување со ризици и соодветните насоки и<br>• да обезбеди Регистарот на ризици да е воспоставен и редовно да се следи. |

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

| | |
|---|---|
| Стручен колегиум | • да обезбеди ефикасно управување со ризиците во МС;<br>• да обезбеди стратегијата за управување со ризиците да се оценува најмалку еднаш годишно, со што би се обезбедило да остане соодветна и актуелна;<br>• да создадат услови за ефикасна комуникација за ризиците на вработените во сите делови на МС;<br>• да обезбеди завршна процена на откриените ризици, следење и ажурирање на контролите кои се поврзани со минимизирање на ризиците. |
| Раководители на секторите | • да обезбедат дека управувањето со ризиците во нивната област на одговорности се спроведува во согласност со стратегијата за управување со ризици;<br>• да обезбедат дека сите вработени се запознаени со процесот на управување со ризици;<br>• да ја промовираат свесноста за управувањето со ризиците на сите нивоа;<br>• да обезбедат следење на Регистарот на ризици за организационата единица од страна на вработените и негово ажурирање;<br>• да создадат услови за непречено препознавање, анализирање и евидентирање на ризиците и одредување приоритети и иницирање активности за надминување на истите и<br>• да создадат услови за непречено спроведување активности поврзани со ризиците утврдени и наведени во Стратегијата за управување со ризици. |
| Раководители на одделенија | • да обезбедат тековно управување со ризиците;<br>• да обезбедат дека управувањето со ризиците во нивното подрачје на одговорности се спроведува во согласност со стратегијата за управување со ризици;<br>• да обезбедат дека вработените се свесни за клучните цели, приоритети и главните ризици со кои се соочува нивниот делокруг на работа и МС во целина;<br>• да ги поттикнуваат вработените за системско препознавање и решавање на ризиците кои се заканувaат на нивните активности и искористување на можностите со кои подобро ќе се остваруваат целите и подобрат резултатите;<br>• да иницираат прашања во врска со ризиците и<br>• да утврдуваат нови и иновативни методи за работа за намалување на ризиците. |

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

| | |
|---|---|
| Вработени (општо) | • насоките за управување со ризици да се користат ефикасно;<br>• да ги потврдат утврдените ризици кои би можеле да влијаат на исполнување на клучните цели или задачи и<br>• секој нов ризик или несоодветно предвидени мерки на контрола да се пријават на координаторот за управување со ризици. |
| Раководител на одделение за внатрешна ревизија | • со своето функционирање да обезбеди независност во работењето;<br>• да обезбеди ревизија на клучните процеси во работењето поврзани со управување со ризици;<br>• да даде уверување за ефективноста на рамката за управување со ризици во МС кое вклучува уверување за управувањето со организацијата и известувањето за клучните ризици;<br>• спроведување на консултантски активности со цел подобрување на рамката за управување со ризици во организацијата. |
| Раководител единицата за финансиски прашања | • да обезбеди и даде помош на вработените при изготвувањето на пописот и описот на работните процеси, проценката на ризиците и воспоставувањето на внатрешните контроли<br>• да обезбеди ажурирање на документацијата поврзана со книгата на работните процеси и регистарот на ризици<br>• да подготвува извештај за спроведување на планот за воспоставувањето на финансиското управување и контрола во соработка со Министерството за финансии - Централната единица за хармонизација на внатрешната ревизија и финансиската контрола<br>• да извршува работи на надзор над спроведување на процесот на управување со ризици и поставените контроли како одговор на ризиците<br>• да ги преиспита сите аспекти на процесот на управување со ризици барем еднаш годишно и за тоа да го извести координаторот за воспоставување на процесот на управување со ризици |
| Координатор за стратешки ризици | • прибира податоци за стратешките ризици на институцијата;<br>• организира состаноци со највисокото раководство со |

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

| | |
|---|---|
| | цел да се дискутира за собраните податоци и за резултатите од проценката на ризиците и заеднички да се утврди листата на приоритетни стратешки ризици;<br>• да осигури дека приоритетните стратешки ризици се евидентираат во регистарот на ризици и се следат од страна на највисокото раководство;<br>• осигурува дека податоците во регистарот на ризици се ажурираат во согласност со прибраните податоци за статусот на ризик;<br>• да обезбеди координаторите за ризици да бидат соодветно обучени за управување со ризици<br>• да обезбеди изработка и ажурирање на стратегијата за управување со ризици и соодветните насоки во согласност со степенот на спроведување и развој на процесот на управување со ризиците;<br>• да подготвува годишен извештај за преземените активности за воспоставување на процесот за управување со ризиците и<br>• за раководството да подготвува годишен извештај за показателите на успешност на спроведувањето на стратегијата за управување со ризици. |
| Координатор за оперативни ризици | • во координација со раководителите на организациските единици собира податоци за оперативните ризици кои се однесуваат на работните процеси преку прибирање на податоците и ажурирање на мапите за работните процеси;<br>• организира дополнителни состаноци со раководители на организациски единици одговорни, дискутира за прибраните податоци и резултатите од проценката на ризиците и со нив ја утврдува листата на приоритетни оперативни ризици;<br>• осигурува дека во регистарот на ризици на институцијата се евидентирани оперативните ризици за кои се проценува дека се поврзани со стратешките ризици или дека е потребно да се следат на институционално ниво<br>• осигурува дека податоците во регистарот на ризици се ажурираат во согласност со собраните податоци за статусот на ризикот;<br>• да со координира спроведувањето на процесот на управување со оперативните ризици во МС; |

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

| | |
|---|---|
| | • да го следи спроведувањето на мерките од акциските планови |
| Координатори за ризици по организациони единици | • да презема активности во врска со прибирање на податоците и ажурирање на мапите за работните процеси;<br>• да презема активности во врска со евидентирање на податоците во регистарот на оперативните ризици;<br>• да обезбеди прегледување на податоците за оперативните ризици и по потреба собирање на дополнителни информации за ризиците;<br>• да им обезбеди навремени и точни информации за управување со ризиците и<br>• да го следи спроведувањето на мерките од акциските планови |

## 11. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Стратегијата за управувањето на ризиците преставува стратешки документ кој од страна на овластените лица во МС ќе биде ажурирана на секои три години или соодветно на условите кога утврдените ризици значително се менуваат. Од аспект на анализирање и ажурирање на контролите кои се однесуваат на минимизирање на ризиците МС ќе воспостави пракса на нивно тековно/годишно прегледување.

Разгледувањето и оценувањето на постојната Стратегија за управување со ризици, преставува преоценување на преземените активности од аспект дали политиката и процесите ги одразуваат моментално најдобрите практики во управувањето со ризиците.

Координаторот за управување со ризици е задолжен да подготви Прашалник наменет за сите организациони единици, кој ќе ги содржи прашањата поврзани со:

- разбирање на донесената стратегија од страна на сите вработени;
- јасност на дефинирање на процесите на известување за ризиците;
- потребите од обука;
- разбирањето на алатките и техниката која се користи во управувањето со ризиците;
- управувањето со ризиците поврзано со поврзаните институции и клучните партнери;
- колку управувањето со ризиците помогнало за остварување на целите на работењето и слично.

Врз основа на добиените одговори во прашалниците, Координаторот ќе изврши анализа и резултатите од истата ќе ги наведе во Извештајот со предлог мерки за развојот на процесот на управување со ризиците во МС.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLAR I ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров" 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

За да биде достапна до сите вработени, Стратегијата за управување со ризиците ќе биде ставена на интернет страната на МС.

## 12. ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ

Изјава за политиката за управување со ризиците:

„Минисерството за спорт се залага за ефикасно управување со ризиците кои се закануваат на извршувањето на неговите функции. Вработените во Министерството за спорт, организационите делови, средствата и способноста за давање на услуги се постојано под влијание на таквите ризици. Министерството за спорт ги препознава ризиците кои треба да ги управува, со што заканите ќе се избегнат, но можностите нема да се пропуштат.“

Бр. 02-1372/2

15. 10. 2025 година

Скопје

МИНИСТЕР

БОРКО РИСТОВСКИ

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ - MINISTRIA E SPORTIT
Скопје - Shkup

**Изготвил**: Добринка Весковска, дипл.екк. и ОДР

**Одобрил**: Сашо Огњеновски, Државен секретар

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR



Министерство за спорт Ул.Македонија бр.38, Палата „Панко Брашнаров“ 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Ministria e sportit Rr.Maqedonia nr.38, Pallati „Panko Brashnarov 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel.+389 (0) 2 3119-628 Email: contact@ms.gov.mk web: https://ms.gov.mk/

